Уп. бр. 08-141

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арицома а.с со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка., преку полномошник Татјана Поповски Булоски, адвокат од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 20.11.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Арицома а.с. (Aricoma a.s.) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз ТаксЛабс с.р.о (TaxLabs s.r.o) со седиште на 810/246, Маријанске Хори, 709 00 Острава, Република Чешка,, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 18.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Арицома а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10 Република Чешка со која Арицома а.с., ќе стекне целосна контрола над ТаксЛабс с.р.о (TaxLabs s.r.o) со седиште на 810/246, Маријанске Хори, 709 00 Острава, Република Чешка,, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Арицома а.с** е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании – особено Арицома Системс а.с (Aricoma Systems a.s.) (порано со назив Autocont AEC a.s) и Сабрис Консалтинг с.р.о (Sabris Consulting s.r.o) и Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с (Aricoma Eterprise Cybersecrity a.s). Арицома Системс а.с се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Сабрис Консалтинг се фокусира на САП експертиза, бизнис решенија и поврзани услуги. Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата.
ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

**ТаксЛабс с.р.о**. е со приоритетна дејност е развој, имплементација и одржување на информациски системи.
ТаксЛабс с.р.о нема зависни друштва и не остварува никаков промет во Република Северна Македонија во последната година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за увրдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**